USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Проект:
ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ЗА РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

**- СТУДИЈА -**

# АНАЛИЗА ЗА ИЗВОЗНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА



Изработена од Меѓународен институт
за бизнис анализа (МИБА)

Скопје, 2023

*Оваа публикација е подготвена со одобрување на Америкаснаката Агенција за Меѓународен развој (УСАИД). Истата е изработена од страна на Меѓународниот Институт за Бизнис Анализа (МИБА) – Скопје во рамки на проектот “Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција”, имплементиран од страна на Стопанска комора на Северна Македонија.*

Оваа анализа е подготвена од страна на Меѓународниот Институт за Бизнис Анализа (МИБА) – Скопје со тим на експерти предводен од проф. д-р Дарко Лазаров *со поддршка на Американските граѓани преку Американската Агенција за Меѓународен Развој (УСАИД). Ставовите на авторите изразени во Анализата за извозни потенцијали на македонската економија не ги изразуваат ставовите на Американската Агенција за Меѓународен Развој (УСАИД) и на Американската Влада.*

# Содржина


**ВОВЕД....................................................................................................................... 4**

**1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА ЗА АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ .................. 6**

1.1 Индикатор за извозен потенцијал (ИИП) ............................................................ 6

1.2 Индикатор за производна диверзификација (ИПД) ..................................................11

**2. АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИ ПЕРФОРМАНСИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ..........16**

2.1 Емпириска анализа на извозните перформанси на македонската економија............16

2.2 Анализа на извозната структура на Република С.Македонија ..................................23

2.3 Анализа на нивото на диверзификација на македонскиот извоз ...............................29

**3. АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА .......37**

3.1 Анализа на производните и извозните потенцијали од страна на понудата на ниво на одделни сектори ..........................................................................................40

3.2 Анализа на вкупните извозни потенцијали на ниво на поединечен сектор и производи...................................................................................................62

3.3 Анализа на вкупните извозни потенцијали на ниво на поединечен пазар .................85

**4. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИЗВОЗНА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ..........................................................................105**

4.1 Мапирање на можностите за производна и извозна диверзификација на ниво на производ од страна на понудата ..........................................................................106

4.2 Мапирање на вкупните можности за производна и извозна диверзификација на ниво на производ...............................................................................................122

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ...........................................................................139**

# ВОВЕД

Целта за остварување на повисоки и одржливи стапки на економски раст во Република С.Македонија како мала отворена економија може да се постигне единствено преку **зголемување на извозната конкурентност на земјата**. Поради тоа, **високо на агендата на сегашните и идни креатори на економски политики** треба да бидат **програми за поголема подготвеност на домашните извозни компании и програми за поголема промоција на македонскиот извоз и македонските извозни производи.**

Политиките насочени кон подобрување на извозната конкурентност и промоција на македонскиот извоз треба да бидат засновани на еден современ пристап базиран на комбинација на: **1)** ***Хоризонтални политики*** кои подразбираат подобрување на целокупните услови за водење на бизнис, со посебен фокус на извозниот сектор и **2)** ***Вертикални политики*** кои ќе бидат таргетирани и насочен кон оние сектори, компании и производи кои имаат најголеми развојни можности и извозни потенцијали. Успешното аплицирање на вториот пристап на вертикални политики е базирано на претходна анализа и мапирање на извозни сектори и производи кои ќе бидат поддржани, како и селектирање на пазари каде ќе биде ставен посебен акцент во промоцијата на идентификуваните извозни сектори и производи.

Оттука, **основната цел на анализата** за извозни потенцијали на македонската економија е **идентификување на можностите за зголемување на извозот на постоечките извозни производи** што компаниите ги извезуваат на **веќе постоечките извозни пазари,** како и **мапирање на нови потенцијални извозни пазари** каде можностите на македонските извозни компании се најголеми.

Дополнително, **втората цел на анализата** е **идентификување на можности за извозна диверфизикација** преку **мапирање на нови производи** кои компаниите не ги извезуваат, но за кои имаат потенцијални компаративни предности да отпочне да ги произведуваат и извезуваат на регионалните и глобалните пазари.

За исполнување на погоре поставените цели ќе биде користена **методологијата** која е развиена од страна на *Меѓународниот Центар за Трговија – Женева* за идентификување на извозни потенцијали и *методологијата на Меѓународниот Центар за Развој при Универзитетот Харвард – САД за анализа на можностите за извозна диверзификација*.

Предмет на анализа се повеќе од **5.300 постоечки и потенцијални извозни производи** согласно Меѓународниот хармонизиран царински систем на 6-цифрени тарифни броеви и повеќе од **150 постоечки и нови потенцијални извозни пазари.**

Истовремено, за потребите на самото истражување посочената методологија погоре ќе биде надградена од страна на самите автори со цел поголема релеватност на податоците и посоодветно прилагодување на конкретните услови и специфичност на случајот на македонската економија.

**Резултатите од анализата** ќе се користат како основа за селектирање на сектори, производи и пазари, како и извозно оринетираните компании кои ќе бидат поддржани во рамките на проектот преку различните активности како што се вмрежување, извозна промоција, обезбедување на стручни услуги со цел креирање на поголеми извозно можности за домашните извозно ориентирани компании.

Истовремено, **резултатите може да им послужат на креаторите на економски политики** во земјата во процесот на **креирање политики и мерки за поддршка и промоција** на оние **сектори, производи и пазари кои имаат најголем извозен потенцијал**. Но, истовремено може да помогне во **насочување на напорите на Министерството за надворешни работи и Министерството за економија во воспоставување на нови билатерални трговски релации** и **продлабочување на постоечките билатерални и дипломатски односи** со оние земји кои во анализите покажале значаен извозен потенцијал за македонската економија.

На крај, **резултатите од анализата во најголема мера се насочени кон постоечките и потенцијални извозни компании** кои треба да испорачаат корисни практични информации за самите компании како поддршка на нивните напори за зголемување на извозот на веќе постоечките пазари, но и поддршка во напорите за проширување на постоечката извозна активност со настап и осовојување на нови извозни пазари на кои претходно не биле присутни.

Самите резултати од анализита ќе обезбедат информации за царински стапки, пазарна регулатива и институционални барања за извоз на конкретни пазари, информации за светски трговски трендови и потрошувачки преференции на одделни пазари, информации за потненцијални трговски партнери, како и други информации кои компаниите може да ги искористат за зголемување на нивните извозни активности на постоечките пазари и/или отпочување на извозни активности на нови пазари.

# 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА ЗА АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ

Со цел *идентификување на идните извозни потенцијали на постоечките извозни производи* и *мапирање на можности за извоната диверзификација* (идентификување на производи кои земјата не ги извезува но за кои има потенцијални компаративни предности да отпочне да ги извезува) на ниво на поединечен пазар/земја ќе бидат пресметани **два индикатори**: 1) **Индикатор за извозен потенцијал** (ИИП) и 2) **Индикатор за извозна диверзификација** (ИИД).

## 1.1 Индикатор за извозен потенцијал (ИИП)

**Индикаторот за извозен потенцијал ИИП** овозможува да се утврди идниот извозен потенцијал на постоечките производи кои земјата веќе ги извезува и за кои има изградено одредена конкурентска предност или препознатливост на меѓународните пазари. Со други зборови, овој индикатор ги мери *идните извозни потенцијали на постоечките извозни производи на сегашните или на нови извозни пазари/земји*.

**Овој индикатор** е базиран на **три компоненти**: **1)** Компонента на **понудата, 2)** Компонента на **побарувачка,** и **3)** Компонента која се однесува на **институционални поволности за меѓународно тргување**.

$$EP_{ijk} = Supply_{ik}^{EP} \times Demand_{ijk} \times Easiness_{ij}$$

**Првата компонента** на **ИИП** на страната на **понудата** се однесува на ***идните извозните капацитети*** мерени преку ***прокетирано идно пазарното учество*** и **корегирано за некои фактори** *(ре-извоз и глобална маргинална преференца)* кои можат да ја променат вистинската слика за реалните извозни перформанси:

$$Supply_{ik}^{EP} = ProjectedMS_{ik} \times ExIm_{ik} \times GTA_{ik}$$

**Првиот параметар** во равенката, $ProjectedMS_{ik}$, се однесува на **идното проектирано релативно пазарно учество** на земјата, $i$[1], во вкупниот светски извоз за некој конкретен производ, $k$.[2]

Овој параметар тргнува од фактот дека **идното пазарно учество** е детерминиран од постоечкото релативно учество и од проекциите за идниот раст на извозот на производот, $k$, од страна на земјата, $i$, споредено со проектираниот раст на извозот на истиот производ од страна на останатите земји во светот кои го извезуваат тој производ[3].

$$ProjectedMS_{ik} = \frac{v_{ik} \times \Delta v_{ik}}{\sum_i (v_{nk} \times \Delta v_{nk})}$$

Дополнително, пресметката на индикаторот кој го мери извозниот потенцијал на ниво на поединечен производ го зема во предвид и ***параметарот за ре-извоз*** кој се вклучува во равенката со цел да обезбеди поголема релеватност при пресметките и да спречи било какви нереални резултати од аспект на капацитетот на понудата со оглед што ре-извозот на некој/и производи е реална појава.

$$ExIm_{ik} = min\left(1, \frac{Ex_{ik}}{Im_{ik}}\right)$$

Ова е особено оправдано во случајот на македонскиот извоз со оглед на фактот што еден постојат трговски компании кои увезуваат одредени производи и истите ги извезуваат во некои други земји од регионот. Со внесување во пресметката на овој параметар се елиминира можноста тие производи да бидат анализирани како производи со извозен потенцијал за македонската економија во услови кога истите не се произведуваат во Република Северна Македонија.

На крај, во првата компонента која се однесува на производните перформанси на страната на понудата е вклучен и *параметарот што ги мери **глобалната преференцијална маргина***.

$$GTA_{ik} = \left(\frac{1 + av.tariff_k}{1 + av.tariff_{ik}}\right)$$

[1] Во рамки на анализата станува збор за Македонија како извозна земја која е предмет на интерес.
[2] Предмет на анализа се повеќе од 5,300 производи согласно ХС-6 класификација на тарифни броеви.
[3] Проекциите за идниот раст на извозот на некој производ е базиран на пресметка на вредноста на извозот надградена со очекуваната стапка на раст на земјата во однос на вредноста на извозот на останатите земји надградено со очекуванаите стапки на раст на тие земји.

Овој параметар практично се користи за проценка на евентуалните царински предности за извоз на некој производ од конкретната земја споредено со царинските предности за извоз на тој производ од страна на останатите извозни земји.

Имено, ако нумераторот кој ја покажува просечната царинска стапка што земјите кои го увезуваат производ, $k$, ја наметнуваат кон извозните земји е поголем од деноминаторот кој ја покажува просечната царинска стапка што увозните земји на производот, $k$, ја наметнуваат за Македонија како извозна земја на тие пазари, смета дека земјата има царински предности во однос на останатите извозни земји што го зголемува извозниот капацитет на земјата за конкретниот производ.

**Втората компонента** на **ИИП** ги мери **потенцијалите и можностите на страната на побарувачката** преку проценка на проектираната увозна вредност, географската локација/одалеченост, како и проценка на факторите кои се однесуваат на отвореноста и трговските поволности што ги има земјата при извоз на конкретен производ на таргетиран пазар.

$$Demand_{ijk} = ProjectedM_{jk} \times MTA_{ijk} \times Distance_{ijk}$$

***Првиот параметар*** на оваа компонента го мери ***увозниот потенцијал за секој производ на секој поединечен пазар т.е. потенцијалната увозна побарувачка***.

$$ProjectedM_{jk} = v_{jk} \times \left(\frac{\Delta GDP_j}{\Delta Pop_j}\right)^{E_M, GDP_j} \times \Delta Pop_j$$

*Потенцијалната увозна побарувачка* се пресметува преку анализа на тековната побарувачка (вредност на увоз) за конкретниот производ за секој пазар/земја поединечно надградена со стапката на раст на популацијата и стапката на економски раст по глава на жител[4] на секој таргетиран пазар/земја поединечно.

Стапката на раст на популацијата и стапката на економски раст по глава на жител имаат значајна улога во детерминирање на идната побарувачка на одреден пазар и поради тоа се вклучени во самата пресметка како значаен фактор што го вклучува идниот потенцијал на побарувачката. Истовремено, како алтернатива за растот на БДП по глава на жител и растот на популацијата во пресметките ќе ги

[4] Стапка на економски раст по глава на жител е пондерирана врз база на коефициент на доходовна еластичност на увозната побарувачка по глава на жител на ниво на група на производи.

земеме во предвид и стапките на раст на увозот во изминатите 5 години како основа за проценка на идниот раст во наредните 5 години.

***Вториот параметар*** се однесува на ***преференцијална маргина на таргетираниот пазар*** **и истата ги мери** ***потенцијалните трговски и карински предности*** што земјата ги ужива при извоз на некој конкретен производ на таргетиран пазар споредено со останатите земји кои извезуваат на тој пазар.

$$MTA_{ijk} = \left(\frac{1 + av.tariff_{jk}}{1 + av.tariff_{ijk}}\right)$$

Ако царинските стапки за извоз на некој производ од конкретната земја на некој таргетиран пазар се помали во однос на царинските стапки што таргетираниот пазар ги наметнува кон останатите извозни земји, тогаш може да кажеме дека конкретната земја има царинска предност при извоз на конкретниот производ на таргетираниот пазар во однос на останатите извозни земји кои извезуваат на тој пазар. Тоа се разбира ќе влијае позитивно на целокупниот извозен потенцијал на тој производ на таргетираниот пазар.

***Третиот параматер*** на оваа компонента се однесува на ***евентуалните предности од аспект на географската одалеченост*** на извозната земја од таргетираниот пазар споредено со географската одалеченост на останатите извозници на тој пазар.

$$Distance\ factor = e^{-\left|av.\log distance_{jk} - log\ distance_{ij}\right|}$$

Сите знаеме дека транспортните трошоци кои во голема мера се детерминирани од географската одалеченост имаат значајна улога во цената на чинење на секој производ, па оттука конкуретноста на една земја споредено со останатите земји во еден дел е детерминирана токму од географската одалеченост и поради тоа овој фактор е земен во предвид како значаен при пресметка на самиот индикатор за мерење на извозните потенцијали.

Сепак, она што треба да го имаме во предвид е фактот што за некои производи географската далечина има поголема важност за разлика од некои други производи за кои географската одалеченост има помало значење т.е. едни производи се сензитивни, додека други се помалку сензитивни на географската одалеченост и транспортните трошоци. Имено, производите кои во просек се тргуваат на поголема далечина се производи за кои транспортните трошоци имаа

помала важност, споредено со тие производи кои поради својата специфичност се тргуваат на пократка далечина.

Оттука, оние производи кои се тргуваат на поголема далечина се производи за кои земјата може да има конкурентска предност дури и во услови кога таргетираниот пазар е значително одалечен. Во спротивно, производите кои во просек се тргуваат на пократка далечина, се производи за кои земјата може да има релативно поголема конкурентска предност само ако таргетираниот пазар е помала географска одалеченост.

На крај, **третата компонента** се однесува на ***поволностите за тргување***. Оваа компонента е базирана на *односот помеѓу вредноста на актуелната трговија помеѓу извозната земја и конкретниот пазар за одредени потенцијални производи и вредноста на трговијата која би можела да се оствари под претпоставка извозната земја да има исто учество на конкретниот пазар како учеството на останатите глобални пазари каде извезува*.

$$Easiness_{ij} = \frac{v_{ij}}{\sum_k \left(Supply_{ik}^{EP} \times Demand_{ijk}^{Static}\right)}$$

Ако вредноста на параметарот **Easy > 1**, се претпоставува дека условите за тргување со конкретната земја се поповолни во однос на условите за тргување/извоз со останатите земји. Таквите услови за тргување може да бидат поповолно поради повеќе причини како што се културни и јазични сличности, добро воспоставени институционални, комерцијални и бизнис врски.

Врз база на трите поединечни компоненти се пресметува **финалниот индикатор** кој ја мери ***вкупната потенцијалната вредност на извозот***, додека ***разликата помеѓу вкупната потенцијална и актуелна вредност на извозот ги илустрира неискористените извозни можности*** **т.е. потенцијалната вредност на извозот** која сеуште не е искористена или со други зборови вредноста на извоз која може да се оствари во иднина од страна на извозните компании на таргетираните пазари на ниво на поединечни извозни производи.

$$Unrealized\ Potential_{ijk} = EP_{ijk} - \min(v_{ijk}, EP_{ijk})$$

Во рамките на студијата за мапирање на извозните потенцијали на македонската економија, **методологијата за мапирање на извозните потенцијали** развиена од страна на Меѓународниот Центар за Трговија – Женева **ќе биде надополнета и надградена** од страна на самите автори со цел поголема релеватност на резултатите од истражувањето и посоодветно прилагодување на конкретните услови и специфичност на случајот на македонската економија.

Имено, во делот на **проценка на извозните потенцијали на страна на понудата** т.е. *проценка на производните перформанси* ќе биде направена дополнителна анализа на просечната стапката на раст на извозот (вредност и количина) во последните 5 години на ниво на поединечен производ и пазар и преку метод на екстраполација ќе биде проектиран идниот раст на извоз како варијабла во пресметка на параметарот кој се однесува на понудата.

Истовремено, ќе биде спроведено **анкетно истражување на најрепрезентативните производители и извозници** со цел утврдување на постоечките инсталирани производни капацитети, степенот на нивна искористеност, како и идни планови за инвестиции и раст на извозот на ниво на поединечен производ. На тој начин ќе се овозможи многу појасна слика за производните капацитети и потенцијали на страна на понудата.

Од друга страна, **кај компонентата на побарувачката** ќе биде направена дополнителна анализа преку пресметка на просечната стапка на увоз во последните 5 години на ниво на поединечен производ за секој пазар каде земјата веќе извезува или има реални претпоставки да отпочне да извезува во некој нареден период. На тој начин ќе се проценат идните увозни капацитети/побарувачка на секој пазар на ниво на поединечен производ.

## 1.2 Индикатор за производна диверзификација (ИПД)

**Индикаторот за производна диверзификација** го мери *извозниот потенцијал на нови производи* кои земјата не ги извезува или ad hoc ги извезува во мали незначителни количини, но истовремено *производи за кои земјата поседува реални економски претпоставки и потенцијални компаративни предности* да започне редововно да ги извезува на меѓународните пазари.

Пресметката на овој индикатор се одвива во **неколку фази**. Во **првата фаза** се **идентификуваат нови извозни производи** *со најголем потенцијал да отпочнат да се произведуваат и извезуваат* т.е. производи со најголеми потенцијални компаративни предности.

Потенцијалните компаративни предности за отпочнување на производство и извоз на нови производи во голема мера се детерминирани од постоечката извозна структура, односно од производите за кои земјата има веќе изградено производни способности и компаративни предности. За илустрација, една земја која има производни способности и компаративни предности за производство на основни прехранбени производи е многу веројатно да отпочне производство на здрава храна, отколку да отпочне производство на електрични возила ако нема никакви претходни капацитети, традиција, знаење во автомобилска индустрија.

Не само во рамките на исти индустрии, блиски производи постојат и помеѓу различни индустрии. Всушност, многу е полесно ако земјата произведува производи од железо и челик да отпочне да произведува некои производи од металопреработувачка или машинска индустрија како што се челични цевки, земјоделски алати или поедноставни текстилни или друг тип на машини, отколку да отпочне производство на машини кои се автоматизирани и компјутеризирани ако претходно земјата не е специјализирана за производство на електорника или за такви слични техничко-технолошки софистицирани апарати и машини.

Оттука, за идентификување на нови извозни производи кои се слични со постоечките извозни производи ќе биде користена “**product space” методологија** развиена од страна на Центарот за Меѓународен Развој при Универзитетот Харврад – САД (Hausmann and Klinger, 2007 и Hausmann et al., 2007).

Истата е базирана на матрица на **парови на производи** и на **т.н**. **density индекс (индекс на густина)** кој ја мери *поврзаноста помеѓу производите за кои земјата има веќе изградени компаративни предности и оние производи кои во ланецот на снандување се најблиску до нив од аспект на сличност во производните процеси*.

Близината и поврзаноста на производите се анализа од аспект на сличноста на производните способности кои ги користат во производниот процес. Со други зборови, ако два производи се поврзани/слични помеѓу себе, заради тоа што за нивно производство се потребни слични институции, инфраструктура, машини, канали на дистрибуција, менаџмент и маркетинг практики, специфична работна сила, технологија или одредена комбинација на прозводни фактори, тогаш истите тие производи се карактеризираат како слични производи и веројатноста да бидат извезувани во тандем (како пар) од најголем број на земји е исклучително голема.

**Првиот чекор** во пресметка на **density индексот (индекс на густина)** е *проучување на постоечката извозна структура* и *идентификување на извозните производи за кои земјата има веќе изградени компаративни предности.*

За таа цел, најпрво го пресметуваме **Индексот на компаративни предности (Revealed Comparative Advantage – RCA**) што претставува најрелевантен индикатор кој покажува дали земјата има компаративна предности во извоз на некој производи. Овој индекс е креиран од страна на економистот Balassa во 1965 година (Balassa, 1965) и истиот се пресметува согласно форумулата подолу:

$$RCA_{c,i,t} = \frac{x_{c,i,t} \Big/ \sum_{i} x_{c,i,t}}{\sum_{c} x_{c,i,t} \Big/ \sum_{i}\sum_{c} x_{c,i,t}}$$

Изразот во броителот го покажува релативното учество на производот во вкупниот извоз на земјата, додека изразот во именителот го покажува релативното учество на производот што го извезуваат сите земји во вкупниот светски извоз[5].

Со цел да се елиминираат одредени слабости кај индексот на компаративни предности дополнително во пресемтка на компаративните предности на постоечките извозни производи се земаат во предвид **ре-извозот** и **глобалната маргинална преференца** која се однесува на еветуалните царински предности на земјата при извоз на конкретен производ.

$$CA_{ik} = ProjectedRCA_{ik} \times ExIm_{ik} \times GTA_{ik}$$

**Вториот чекор** е *проучување на сличноста која постои помеѓу производите* кои се предмет на меѓународна трговија и идентификување на нови производи кои се слични со оние производи кои земјата веќе ги извезува со компаративна предност.

За таа цел, користиме **матрица на парови на производи**:

[5] Овој индекс покажува дека учеството на производот во вкупниот извоз на земјата е поголем од учеството на тој производ во извозот на сите останатити земји кои истиот го произведуваат и извезуваат. Еден производ има компаративна предност ако вредноста, RCA>1. Тоа значи дека релативните трошоци за производство на тој производ во земјата се помали во однос на трошоците за производство на истиот производ во некоја друга земја.

$$\Delta = \begin{bmatrix} 0 & \delta_{1,2} & \delta_{1,3} & \dots & \delta_{1,n} \\ & \ddots & \delta_{2,3} & \ddots & \vdots \\ & & \ddots & \ddots & \vdots \\ & & & \ddots & \delta_{n-1,n} \\ & & & & 0 \end{bmatrix}$$

при што, растојанието помеѓу секој производ се мери како минимум на условната веројатност дека паровите на производи, *i* и *j*, во годината, *t* , истовремено се извезуваат со компаративна предност, што се нарекува **проксимативност**:

$$\varphi_{i,j,t} = \min\left\{P\left(x_{i,t} \middle| x_{j,t}\right), P\left(x_{j,t} \middle| x_{i,t}\right)\right\}$$

каде,

$$x_{c,i}, x_{cj} = \begin{cases} 1..ако..RCA_{ij} \geq 1..за..земјата...c \\ 0..ако..RCA_{ij} \leq 1..за..земјата...c \end{cases}$$

Врз база на погоре елаборираниот модел на парови на производи и проксимативност ќе го пресметаме т.н. **индекст на густина** на ниво на поединечен производ.

Овој индекс се користи за идентификување на оние производи за кои земјата има најголема веројатност да оттпочне да ги произведува и извезува со компаративна предност со оглед што истите се слични (од аспект на производните способности и инпути што се користат во производниот процес) со постоечките производи што земјата веќе ги произведува и извезува со компаративна предност.

**Индексот на густина „density index“** ја мери *просечната веројатност дека производот може да отпочне да се произведува и извезува согласно постоењето на слични на него производи во постоечката производна и извозна структура на земјата*. Овој индекс може да се претстави преку следната формула (Hausmann and Rodrik, 2005):

$$Density_{ik} = \frac{\sum_j x_i \varphi_{ijk}}{\sum_j \varphi_{ijk}}$$

каде, поголемата вредност на индексот покажува дека земјата веќе произведува и извезува многу слични производи на производот, *j*, што укажува дека веројатноста да отпочне да го произведува конкретниот производ е голема.

Спроведувањата на оваа анализа ќе биде направена со користење на неколку компјутерски и софтверски програми специјализирани за обработка и систематизација на поголема серија на податоци за одделни производи со оглед на фактот што самата анализа подразбира огромен број на податоци кои треба да бидат обработени.

За илустрација, како што погоре беше споменато ќе бидат анализирани повеќе од 5.300 производи, при што, за потребите на матрицата на парови на производи секој од овие производи треба да биде анализиран со секој друг производ помеѓу себе како пар на производи, што математички е истражување базирано на повеќе од 30 милиони опсервации.

Врз база на добиените резултати за вредноста на индексот на густина за секој поединечен производ што ја одредува веројатноста дали некој производ согласно постоечката производна и извозна структура во земјата може да отпочне да се произведува и извезува со компаративна предност, потребно е да се направи селекција според вредноста на PRODY индексот кој го мери степенот на софистицираност на секој производ бидејќи идејата е да се идентификуваат само оние производи кои имаат повисок степен на финализација и поголема додадена вредност, а не сите производи за кои земјата има потенцијални компаративни предности и реални економски претпоставки да ги произведува и извезува.

На крај, **третиот чекор** е пресметка на **индикатор на производна диверзификација** (**ИПД)** кој се состои од три параметри:

$$DP_{ijk} = Supply_{ik}^{EP} \times Demand_{ijk} \times Easiness_{ij}$$

Првиот параметар кој се однесува на производниот и извозниот капацитет на страна на понудата е претставен преку индексот на густина, $Supply_{ik}^{EP} = Density_{ik}$, додека вториот и третиот параметар кои се однесуваат на увозниот потенцијал на страна на побарувачката и поволностите за тргување се пресметуваат на истиот начин како кај индикаторот за извозен потенцијал.

# 2. АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИ ПЕРФОРМАНСИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

## 2.1 Емпириска анализа на извозните перформанси на македонската економија

Македонската економија бележи **позитивен растечки тренд на извозот** во изминатиот период и покрај значителниот пад на извозот во 2020 година како резултат на глобалната криза предизвикана од Ковид-19 пандемијата. Имено, во периодот 2017-2021 година е забележана **просечна стапка на раст на извозот на добра и услуги од 12.35%** *(од 6.235 милиони долари во 2017 година на 9.154 долари во 2021 година).* Истовремено, се забележува ***зголемување на релативното учество на извозот на добра и услуги како процент од БДП*** од **55%** во 2017 година на **66%** *во* 2021 година.

**Слика 1.** Извоз на добра и услуги и релативно учество на извозот во БДП




Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Зголемување на извозот се должи во исто време на раст на извозот на добра и раст на извозот на услуги. Имено, **вредноста на извозот на добра** во периодот **2017-2021 година** забележа **просечна стапка на раст од речиси 12%** *(од 5.684 милиони долари во 2017 година на 8.188 милиони долари во 2021 година)*, додека **вредноста на извозот на услуги** во истиот период има уште **поголема просечна стапка на раст од 16%** *(од 567 милиони долари во 2017 година на 968 милиони*

*долари во 2021 година).* Растот на извозот на добра во голема мера е резултат на извозот од ТИРЗ кој надмина речиси 50% од вкупниот извоз на добра каде доминантно учество има извозот на компоненти за автомобилска индустрија, додека извозот на услуги во голема мера е детерминира од извоз на ИКТ услуги кој бележи континуиран раст во целиот изминат период.

**Слика 2.** Извоз на добра и извоз на услуги, во милиони долари




Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Во **првите 11 месеци од 2022 година** имаме уште позначителна динамика на раст на извозот. Имено, во периодот **јануари-ноември 2022 година** е **забележан раст на извозот од 20%**, што во еден дел е резултат на глобалната инфлација.

Ако направиме компаративна анализа со земјите од регионот на Западен Балкан може да заклучиме дека Република Северна Македонија после Албанија и Косово е земја со највисока стапка на раст на извозот на добра и услуги во анализираниот период.

**Слика 3.** Извоз на добра и извоз на услуги, во милиони долари




Извор: Анализа на авторите врз база на податоци од Светска Банка

Значителниот раст на извозот во изминатиот период овозможи во исто време значителен раст на **вредноста на извозот по глава на жител и зголемување на учеството на извозот во БДП на земјата**. Имено, *вредноста на извозот по глава на жител во 2021 година достигна вредност од 4.430 долари, додека вредноста на извоз надмина 65% од БДП.*

Ако ја споредиме вредноста на извозот по глава на жител со останатите земји од регионот на Западен Балкан може да заклучиме дека Република Северна Македонија е веднаш после Србија во однос на овој параметар, но значително заостанува во однос на земјите од поширокиот регион како што се Словенија, Словачка, Чешка, Унгарија и други земји. За илустрација, вредноста на извозот по глава на жител во Словенија е 24.500 долари или 5.5 пати поголема споредено со Република Северна Македонија, додека Словачка имаат вредност на извоз по глава на жител од 20.000 долари и 19.500 долари, респективно што е околу 4-5 пати поголема споредена со Република Северна Македонија.

**Слика 4.** Извоз по глава на жител и извоз на добра и услуги (% од БДП)




Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Истовремено, земјите од поширокиот регион како што се Словенија, Словачка, Чешка и Унгарија имаа значително поголемо релативно учество на извозот во БДП (околу 80-90%) споредено со релативното учество на извозот во Република Северна Македонија кое во 2021 година достигна 66%. Но, споредено со земјите од Западен Балкан нашата земја има најголемо релативно учество на извозот во националниот БДП.

Сепак, ако подетално анализираме на што се должат **стапките на раст на извозот на добра** во Република С.Македонија ќе заклучиме дека истите **се детерминирани од растот на само неколку производи** кои имаат релативно големо учество во вкупниот извоз на земјата.

Имено, **првите 25 производи со најголемо релативно учество во вкупниот раст на извозот на добра** учествуваат со речиси **84%**, при што, само еден производ (катализатори на подлога со благородни метали или со соединенија на благородни метали - 381512) има 27.8% релативно учество во вкупниот раст на извозот во периодот 2017-2021 година. Овој производ истовремено има најголемо релативно учество во вкупниот извоз од 21.23%

**Табела 1.** Извори на растот на извозот на ниво на производ

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Релативно учество во извоз, % | Апсолутно учество во растот, % | Релативно учество во растот, % |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 381512 | Катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја | 21.23% | 3.14% | 27.8% |
| **2** | 842139 | Машини и апарати за филтрирање или пречистување на гасови | 10.90% | 1.15% | 10.1% |
| **3** | 854430 | Сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила, воздухоплови или бродови | 7.06% | 0.93% | 8.2% |
| **4** | 720260 | Феро-никел | 3.52% | 0.50% | 4.4% |
| **5** | 853710 | Табли, плочи, пултови, маси, ормани и други основи, за напон што не надминува 1000 V | 2.07% | 0.49% | 4.3% |
| **6** | 940190 | Делови за седишта | 2.76% | 0.43% | 3.8% |
| **7** | 870895 | Сигурносни воздушни перничиња со систем за набивање (надувавање); нивни делови | 1.27% | 0.32% | 2.9% |
| **8** | 730661 | Други, заварени, што не се со кружен напречен пресек со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек | 1.77% | 0.28% | 2.4% |
| **9** | 853650 | Други прекинувачи | 1.08% | 0.27% | 2.4% |
| **10** | 720852 | Друго, ненамотани (табли), само топло валани, со дебелина од 4,75 мм или поголема но што не надминува 10 мм | 1.21% | 0.22% | 1.9% |
| **11** | 260700 | Руди на олово и концентрати | 1.05% | 0.17% | 1.5% |
| **12** | 271019 | Други масла и препарати ( средни, тешки и гасни масла) | 1.01% | 0.17% | 1.5% |
| **13** | 260800 | Руди на цинк и концентрати | 0.68% | 0.15% | 1.3% |
| **14** | 850710 | Оловни акумулатори за задвижување на клипни мотори | 1.00% | 0.14% | 1.3% |
| **15** | 851680 | Електрични грејачи отпорници | 0.42% | 0.12% | 1.1% |
| **16** | 251512 | Мермер и травертин сечен со пила или на друг начин, во блокови или плочи со правоаголна (вклучувајќи квадратна) форма | 0.57% | 0.12% | 1.1% |
| **17** | 262099 | Згура, пепел и остатоци што содржат аникел, калај, титан и друго | 0.59% | 0.11% | 1.0% |
| **18** | 240110 | Тутун, неоджилен/нережан | 1.77% | 0.11% | 0.9% |
| **19** | 720851 | Друго, ненамотани (табли), само топло валани, со дебелина што надминува 10 мм | 1.03% | 0.11% | 0.9% |
| **20** | 870840 | Менувачи и нивни делови | 0.36% | 0.10% | 0.9% |
| **21** | 730630 | Други, заварени, со кружен напречен пресек, од железо или нелегиран челик | 0.61% | 0.10% | 0.9% |
| **22** | 851230 | Опрема за звучна сигнализација: | 0.34% | 0.10% | 0.9% |
| **23** | 721491 | Други прачки со правоаголен (освен квадратен) напречен пресек | 0.33% | 0.09% | 0.8% |
| **24** | 940490 | Друго, предмети на постелнина и слични стоки | 0.64% | 0.09% | 0.8% |
| **25** | 300490 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани производи, друго | 0.96% | 0.08% | 0.7% |
| # | # | **ВКУПНО** | | **9.50%** | **83.8%** |

Извор: Пресметка на авторите врз база на податоци од ДЗС на РСМ

Анализата на релативното учество на одделните производи во вкупниот извоз и анализата на изворите на растот на извозот (апсолутно и релативно учество во вкупниот раст на извозот) укажуваат дека **извозот на земјата е детерминиран од само неколку производи** и уште поважно **растот на извозот во периодот 2017-2021 година е воден од придонесот на само неколку производи**.

Она што загрижува е тоа што овие извозни производи кои имаа големо релативно учество во вкупниот извоз на земјата и воедно имаат најголем придонес во растот на извозот се производи со голема увозна компонента т.е. ниска домашна додадена вредност.

Тоа е една од главните причини за **хроничниот трговски дефицити** што земјата го бележи еден подолг временски период. Благо намалување на трговскиот дефицит се забележува во 2020 година поради Ковид-19 кризата и забавување на економската активност на земјата, но во 2021 година е достигнато историски највиско ниво на трговскиот дефицит од 3.201 милиони долари и највисока стапка на раст на дефицитот од 54% споредено со 2020 година.

**Слика 5.** Трговски дефицит и стапка на раст на трговски дефицит




Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Трендот на зголемување на **трговскиот дефицит продолжува и во 2022 година** со понатамошно значително продлабочување. Имено, во *првите 11 месеци од 2022 година трговскиот дефицит е зголемен за 30%* (од 2.801 милиони долари во првите 11 месеци од 2021 на 3.641 милиони евра во првите 11 месеци во 2022 година).

Најголем дел од хроничниот раст на трговскиот дефицит се должи на високата увозна компонента т.е. мала домашна додадена вредност на извозот, што значи дека во иднина треба многу повеќе да работиме на зголемување на нето-извозот, а не само на раст на извозот. Дополнителното акцелерирање на трговскиот дефицит во 2022 година се должеше во голема мера на растот на цените на енергенсите (електричната енергија, нафтата и нафтените деривати и природниот гас) и примарните индустриски производи. Република Северна Македонија е увозно зависна од енергенси и базични индустриски производи, при што, глобалниот раст на цени на енергенсите и базичните индустриски производи поради воениот конфликт помеѓу Русија и Украина веднаш се рефлектираше врз значително зголемување на увозот на земјата.

Растот на трговски дефицит предизвикува намалување на **покриеноста на увозот со извоз,** особено во последните две години кога поради значителниот раст на трговскиот дефицит имаме големо намалување на покриеноста на увозот со извоз. Имено, покриеноста на увозот со извоз во 2020 година изнесувала 76.1%, во 2021 година е намалена на 71.8%, додека во периодот јануари-ноември 2022 година покриеноста на увозот со извоз бележи дополнително намалување на 68.9%.

**Слика 6.** Трговски дефицит и покриеност на увоз со извоз




Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

На крај, ова е главната причина зошто и покрај значителниот раст на извозот нема поголем економски раст, односно зошто корелациската поврзаност помеѓу растот на извозот и растот на економија е значително помал споредено со сознанијата од науката и практичните искуства на другите земји.

Ова може да се потврди со фактот што постои **силна и статистички сигнификатна негативна корелација помеѓу нето-извозот и стапката на раст на реалниот БДП** што укажува дека негативните трговски дефицити значително го ограничуваат растот на македонската економија.

Подолу се дадени графички прикази за кореларицската врска помеѓу извозот и растот на реалниот БДП и корелациска врска помеѓу нето-извозот и растот на реалниот БДП.

**Слика 7.** Корелациска поврзаност помеѓу БДП и извоз/нето-извозот во Р.С Македонија




## 2.2 Анализа на извозната структура на Република С.Македонија

Ако ја анализираме структурата на извозот на Република Северна Македонија ќе забележиме дека доминантно учество имаат хемиски производи; машини и опрема; базични метали и производи од метали; електрична опрема; облека; рударство и неметални минерални производи; прехранбена индустрија и примарно земјоделие.

Во табелата подолу се презентирани податоци за **вредноста на извозот и релативното учество на одделни индустрии/сектори** во вкупниот извоз на земјата.

**Табела 2.** Вредност на извоз по сектори и релативно учество на секој сектор

| # | СЕКТОР | Износ, во САД долари | Релативно учество, % |
|---|---|---|---|
| 1 | Хемикалии и хемиски производи | 1.987.630.000 | 24.3% |
| 2 | Машини и опрема | 1.020.026.000 | 12.5% |
| 3 | Метали и производи од метали | 1.018.726.000 | 12.4% |
| 4 | Моторни возила и транспортна опрема | 865.162.000 | 10.6% |
| 5 | Електрична опрема | 658.716.000 | 8.0% |
| 6 | Облека | 401.482.000 | 4.9% |
| 7 | Рударство и други неметални минерални произѕводи | 360.576.000 | 4.4% |
| 8 | Прехранбени производи | 337.499.000 | 4.1% |
| 9 | Земјоделски производи | 316.959.000 | 3.9% |
| 10 | Дрво, производи од дрво и мебел | 282.806.000 | 3.5% |
| 11 | Текстил | 176.571.000 | 2.2% |
| 12 | Гума и пластични производи | 161.997.000 | 2.0% |
| 13 | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; ракување со отпад и дејности за санација на околината | 136.881.000 | 1.7% |
| 14 | Фармацевтски производи | 130.555.000 | 1.6% |
| 15 | Кокс и рафинирани нафтени производи | 100.437.000 | 1.2% |
| 16 | Пијалаци | 79.280.000 | 1.0% |
| 17 | Електрична енергија | 47.939.000 | 0.6% |
| 18 | Кожа и слични производи од кожа | 33.659.000 | 0.4% |
| 19 | Хартија и производи од хартија | 29.622.000 | 0.4% |
| 20 | Други индустриски производи | 25.579.000 | 0.3% |
| 21 | Производи од тутун | 6.868.000 | 0.1% |
| 22 | Нераспределено | 5.622.000 | 0.1% |
| | **ВКУПНО** | **8.188.221.000** | **100%** |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Од анализата на структурата на извозот може да се констатира дека **хемиската индустрија** со вредност на извоз од **1.987 милиони долари** има **24.3%** од вкупниот извоз на земјата што ја прави најзначајна извозна индустрија/сектор. Втора по важност индустрија за македонскиот извоз е **машинската индустрија (машини и опрема)**. Оваа индустрија има вкупна извозна вредност од **1.020 милиони долари** или **12.5%** од вкупниот извоз на земјата. Третиот сектор со најголемо релативно учество во вкупниот извоз на земјата е метална и металопреработувачка индустрија со вкупна извозна вредност од **1.018 милиони долари** или **12.4%** од вкупниот извоз на земјата. Не помалку важна е **автомобилската индустрија** (моторни возила, автомобилски компоненти и транспортна опрема) и **електрична опрема** со вкупен извоз од **1.511 милиони долари** или **18.6%.**

**Текстилната индустрија** и **индустријата за облека** заедно имаат извоз од **578 милиони долари** или **7.1%** од вкупниот извоз на земјата, додека **примарно земјоделие** (производи од растително и животинско потекло) и **прехранбена индустрија** имаат извоз од **654 милиони долари** или **8%** од вкупниот извоз на земјата. Секторот **рударство, вадење на камен и неметални минерални производи** има извоз од **360 милиони долари** или **4.4%** релативно учество во вкупниот извоз на земјата.

**Слика 8.** Извозна структура на Република С.Македонија по сектори, 2021 година




Извор: Анализа на авторите врз база на податоци од Државен Завод за статистика на Република С.Македонија

Од друга страна, извозот на дрво, производи од дрво и мебел изнесува **282 милиони долари** и има релативно учество во вкупниот извоз од 3.5%, додека **фармацевската индустрија** има извоз од **130 милиони долари** или **1.6%** релативно учество во вкупниот извоз.

Она што е поважно во рамки на овој дел од анализата е **дали и каква структурни промени** се забележана во анализираниот период од аспект на *динамиката на раст на извозот и промена во релативното учество во вкупниот извоз на одделни сектори*.

**Табела 3.** Вредност на извоз по сектори и релативно учество на секој сектор

| СЕКТОР | Извоз, долари 2017 | Релативно учесто, % | Извоз, долари 2021 | Релативно учество, % | Стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|---|
| Хемикалии и хемиски производи | 1,219,006,000 | 21.4% | 1,987,630,000 | 24.3% | 63.1% |
| Машини и опрема, неспомнати на друго место | 639,106,000 | 11.2% | 1,020,026,000 | 12.5% | 59.6% |
| Метали | 508,435,000 | 8.9% | 938,174,000 | 11.5% | 84.5% |
| Моторни возила, приколки и полуприколки | 644,029,000 | 11.3% | 834,063,000 | 10.2% | 29.5% |
| Електрична опрема | 354,894,000 | 6.2% | 594,929,000 | 7.3% | 67.6% |
| Облека | 523,763,000 | 9.2% | 401,482,000 | 4.9% | -23.3% |
| Прехранбени производи | 247,458,000 | 4.4% | 337,499,000 | 4.1% | 36.4% |
| Рударство и вадење на камен | 289,922,000 | 5.1% | 370,199,000 | 4.5% | 15.6% |
| Земјоделски производи | 273,828,000 | 4.8% | 316,959,000 | 3.9% | 15.8% |
| Мебел и производи од дрво | 210,651,000 | 3.7% | 282,806,000 | 3.4% | 35.1% |
| Текстил | 106,057,000 | 1.9% | 176,571,000 | 2.2% | 66.5% |
| Гума и пластични производи | 87,573,000 | 1.5% | 161,997,000 | 2.0% | 85.0% |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води; ракување со отпад | 61,479,000 | 1.1% | 136,881,000 | 1.7% | 122.6% |
| Основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 90,755,000 | 1.6% | 130,555,000 | 1.6% | 43.9% |
| Други минерални производи | 63,436,000 | 1.1% | 90,814,000 | 1.1% | 43.2% |
| Готови метални производи, освен машини и опрема | 57,157,000 | 1.0% | 80,552,000 | 1.0% | 40.9% |
| Пијалаци | 66,330,000 | 1.2% | 79,280,000 | 1.0% | 19.5% |
| Компјутери, електронски и оптички производи | 54,971,000 | 1.0% | 63,787,000 | 0.8% | 16.0% |
| Електрична енергија | 27,816,000 | 0.5% | 47,939,000 | 0.6% | 72.3% |
| Кожа и слични производи од кожа | 70,288,000 | 1.2% | 33,659,000 | 0.4% | -52.1% |
| Останата опрема за транспорт | 15,262,000 | 0.3% | 31,099,000 | 0.4% | 103.8% |
| Хартија и производи од хартија | 16,389,000 | 0.3% | 29,622,000 | 0.4% | 80.7% |
| Други индустриски производи | 23,004,000 | 0.4% | 25,579,000 | 0.3% | 11.2% |
| Производи од тутун | 20,597,000 | 0.4% | 6,868,000 | 0.1% | -66.7% |
| Нераспределено | 3,525,000 | 0.1% | 5,622,000 | 0.1% | 59.5% |
| **ВКУПНО** | **5,683,890,000** | **100%** | **8,188,221,000** | **100%** | **44.1%** |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Ако се анализира првично извозната структура на земјата на ниво на поединечен сектор и структурната трансформација на извозот на секторско ниво може да се заклучи дека промените се позитивни од аспект што најголем раст на извозот во апсолутна и релативна смисла имаат секторите со повисоко ниво на софистицираност и комплепксност, но деталната анализа на ниво на поединечен производ укажува дека поголем број на извозни производи со исклучок на неколку

од хемиска индустрија, машинска и електро индустријата и индустријата за моторни возила се извозни производи кои се карактеризираат со релативно ниска комплексност и софистицираност.

Најголем дел од производите за кои Македонија има компаративна предност се производи од текстилната индустрија и облека, базични метали, како и производи од примарно земјоделие кои се карактеризираат како производи со пониска комплексност. Имено, земјата извезува **440 производи со компаративна предност** од кои најголем дел се од *текстилна индустрија и облека (152 производи или 35%), примарно земјоделие и прехранбена индустрија (83 производи или 19%), метална и металопреработувачка индустрија (49 производи или 11%).*

**Слика 9.** Структура на извозни производи со компаративна предност по сектори




Извор: Анализа на авторите врз база на податоци од Државен Завод за статистика на Република С.Македонија

Ниската извозна комплексност на земјата се потврдува со фактот што согласно **индексот на извозна комплексност** го мери нивото на софистицираност на извозните производи кои се дел од извозот на една земја, **Македонија е рангирана на 62 место** што споредено со другите земји од поширокиот регион укажува дека земјата заостанува во овој сегмент.

За илустрација, *Словенија е рангирана на 12 место, Словачка на 17 место, Чешка на 7 место, Србија на 37 место, Босна и Херцеговина на 39 место, и*

*Бугарија на 46 место. Единствено од земјите во регионот кои се рангирани на ова листа Албанија се наоѓа после нашата земја на 79 место.*

Подолу во табелата се презентирани **топ 25 производи кои земјата ги извезува со компаративна предност** согласно индексот на компративна предност, вредноста на извозот и релативното учество во светскиот извоз.

**Табела 4.** Топ 25 извозни производи со компаративна предност

| Тарифен број | Опис на производ | RCA индекс | Вредност на извоз, САД долари | Учество, % |
|---|---|---|---|---|
| 381512 | Катализатори на подлога, со благороден метал или со соединенија на благородни метали | 231 | 1,737,226,993 | 10.1 |
| 240110 | Тутун, суров и непреработен | 223 | 44,731,247 | 9.7 |
| 810295 | Молибденски прачки, профили, плочи, ленти, лимови и фолии | 80 | 2,709,000 | 3.5 |
| 90961 | Семе од анис, бадијан, ким или анасон; бобинки од смрека: Некршени ниту мелени | 74 | 9,713,000 | 3.2 |
| 251511 | Мермер и травертин:Суров или грубо цепен | 73 | 19,455,000 | 3.2 |
| 842139 | Машини и апарати за филтрирање или пречистување на гасови | 72 | 891,832,459 | 3.1 |
| 381590 | Забрзувачи на реакции и катализатори | 67 | 110,548,751 | 2.9 |
| 851230 | Опрема за звучна сигнализација кои се употребуваат за велосипеди или моторни возила | 66 | 35,368,000 | 2.9 |
| 720260 | Феро-никел | 63 | 287,679,332 | 2.7 |
| 251512 | Мермер и травертин сечен со пила или на друг начин, во блокови или плочи со правоаголна (вклучувајќи квадратна) форма | 61 | 30,557,000 | 2.7 |
| 520710 | Предиво од памук (освен конец за шиење) подготвено за продажба на мало: Што по маса содржи 85% или повеќе памук | 52 | 4,217,000 | 2.3 |
| 381519 | Катализатори на подлога | 51 | 95,625,000 | 2.2 |
| 720852 | Топло валани плоснати производи,од железо/нелегиран челик со дебелина од 4,75мм до 10 мм и ширина помала од  2050 мм | 50 | 99,263,738 | 2.2 |
| 300441 | Лекови кои содржат ефедрин или негови соли | 49 | 914,000 | 2.1 |
| 860721 | Делови на шински возила: воздушни кочници и нивни делови | 45 | 27,419,000 | 2.0 |
| 260700 | Руди на олово и концентрати | 43 | 86,854,000 | 1.9 |
| 30760 | Полжави, освен морски полжави | 41 | 1,108,000 | 1.8 |
| 721491 | Прачки, топло валани, влечени, екструдирани, со напречен правоаголен пресек, од железо или челик, што содржи по маса 0,25% или повеќе јаглерод | 38 | 24,759,000 | 1.7 |
| 854430 | Сетови на спроводници за палење, за воздухоплови или бродови | 38 | 577,465,253 | 1.6 |
| 70490 | Зелка  (01.04-31.12)  све/разл | 35 | 28,391,000 | 1.5 |
| 730120 | Талпи од железо или челик, вклучувајќи дупчени, пробиени или изработени од составени елементи; заварени профили, од железо или челик: Профили | 35 | 6,586,000 | 1.5 |
| 730661 | Заштитни цевки (casing) и производствени цевки (tubing) со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек | 34 | 144,831,000 | 1.5 |
| 620333 | Работни машки јакни и сакоа: Од синтетички влакна | 33 | 27,687,000 | 1.5 |

| Тарифен број | Опис на производ | RCA индекс | Вредност на извоз, САД долари | Учество, % |
|---|---|---|---|---|
| 20410 | Јагнешки свежи или разладени трупови и полутки | 30 | 15,451,000 | 1.3 |
| 870895 | Сигурносни воздушни перничиња со систем за набивање (надувавање); нивни делови: | 29 | 8283174526 | 1.3 |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Како што може да се види погоре од табелата најголем дел од производите за кои Македонија има најголема компаративна предност се производи од метална, машинска и електро индустрија вклучувајќи и автомобилски компоненти, како и производи од примарно земјоделие и текстилна индустрија.

Сепак, таа слика до некаде е нерална поради фактот што речиси сите производи од машинска, електро и автомобилска индустрија се произведуваат и извезуваат од страна на странски компании лоцирани во или надвор од ТИР зоните во земјата, при што, локалното знаење, know-how и традиција е релативно мало што се потврдува со фактот дека има многу мал број на домашни компании кои се вклучени како добавувачи во ланците на снабдување на овие компании. Она за што нашата земја има реални компаративни предности во моментот се примарно земјоделие, дел од прехранбена индустрија, текстил и облека, метална и металопреработувачка индустрија.

## 2.3 Анализа на нивото на диверзификација на македонскиот извоз

Освен фактот што извозната структура на македонската економија и покрај одредени позитивни структурни промени кои се случија во изминатиот период како резултат на СДИ во земјата е сеуште неповолна од аспект на нивото на извозна комплексност мерена преку нивото на софистицираност на производите кои се дел од извозната структура на земјата, она што е исклучително неповолно кога зборуваме за извозните перформанси на македонската економија е **висока извозна концентрација т.е. ниска извозна диверзификација** по основ на *број на извозни производи, извозни пазари и извозни компании.*

За илустрација, Македонија извезува вкупно **372 производи** со **вредност поголема од 1 милион долари** согласно хармонизираниот царински систем на 6-цифрени тарифни броеви, додека првите **топ 25 извозни производи** со вредност на извоз од **5.419 милиони долари** учествуваат со **66.2%** во вкупниот извоз на земјата, додека сите останати извозни производи учествуваат со само **23.8%** што е потврда на констатацијата за високо ниво на извозна концентрација на земјата.

Во продолжение се презентирани првите **топ 25 извозни производи** што ги извезуваат домашните и странските извозни компании.

**Табела 5.** Топ 25 извозни производи согласно вредност на извоз во 2021 година

| # | Тарифен број | ОПИС НА ПРОИЗВОД | Износ, САД долари | Релативно учество, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 381512 | Катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали | 1.737.226.993 | 21.2% |
| 2 | 842139 | Машини и апарати за филтрирање или пречистување на гасови | 891.832.459 | 10.9% |
| 3 | 854430 | Сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила | 577.465.253 | 7.1% |
| 4 | 720260 | Феро-никел | 287.679.332 | 3.5% |
| 5 | 940190 | Делови за седишта | 226.087.731 | 2.8% |
| 6 | 853710 | Табли, плочи, пултови, маси, ормани и други основи, за напон што не надминува 1000 V | 168.979.516 | 2.1% |
| 7 | 730661 | Заварени цевки правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек | 145.107.827 | 1.8% |
| 8 | 240110 | Тутун, неоджилен/нережан | 144.731.247 | 1.8% |
| 9 | 381590 | Забрзувачи на реакција и каталитички препарати, на друго место неспомнати или опфатени | 110.548.751 | 1.4% |
| 10 | 870895 | Сигурносни воздушни перничиња со систем за набивање (надувавање); нивни делови | 103.561.824 | 1.3% |
| 11 | 720852 | Ненамотани топло валани табли од железо или нелегиран челик со дебелина од 4,75 до 10 мм | 99.263.738 | 1.2% |
| 12 | 853650 | Други прекинувачи | 88.301.596 | 1.1% |
| 13 | 260700 | Руди на олово и концентрати | 85.643.939 | 1.0% |
| 14 | 720851 | Ненамотани топло валани табли од железо или нелегиран челик, со дебелина до 10 мм | 84.291.806 | 1.0% |
| 15 | 271019 | Други масла и препарати (тешки и гасни масла) | 82.808.035 | 1.0% |
| 16 | 850710 | Оловни акумулатори за клипни мотори | 82.191.193 | 1.0% |
| 17 | 300490 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани производи, друго | 78.471.711 | 1.0% |
| 18 | 260300 | Руди на бакар и концентрати | 61.405.140 | 0.7% |
| 19 | 721070 | Обоени, лакирани или превлечени со пластична маса табли од железо или нелегиран челик | 61.388.917 | 0.7% |
| 20 | 260800 | Руди на цинк и концентрати | 55.622.729 | 0.7% |
| 21 | 940490 | Предмети на постелнина и слични стоки | 52.296.296 | 0.6% |
| 22 | 730630 | Други заварени цевки, со кружен напречен пресек, од железо или нелегиран челик | 50.147.555 | 0.6% |
| 23 | 721049 | Поинаку превлечени или прекриени со цинк табли, небрановидни | 48.586.291 | 0.6% |
| 24 | 190590 | Печива, колачи, бисквити и други производи, со додаток на какао или без додаток на какао | 47.972.725 | 0.6% |
| 25 | 262099 | Згура,пепел и остатоци на аникел,калај,титан и др. | 47.972.265 | 0.6% |
| | | **ВКУПНО** | **5.419.584.869** | **66.2%** |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Анализата на **извозната диверзификација од аспект на број на извозни пазари/земји** ја потврдува констатацијата за високата извозна концентрација на македонскиот извоз.

Имено, најголемиот дел од македонскиот извоз е во неколку земји. **Првите топ 25 најголеми извозни земји/пазари** учествуваат со **95%** во вкупниот извоз на земјата, додека само **Германија** како најголем извозен партнер на Македонија учествува со **47%** во вкупниот извоз.

**Табела 6.** Топ 25 извозни земји/пазари согласно вредност на извоз во 2021 година

| Р.б | Код | Земја | Извоз, САД долари | Релативно учество, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | DE | Германија | 3.830.027.155 | 47% |
| 2 | BG | Бугарија | 396.324.192 | 5% |
| 3 | XK | Косово | 357.331.810 | 4% |
| 4 | RS | Србија | 344.492.567 | 4% |
| 5 | HU | Унгарија | 251.651.073 | 3% |
| 6 | IT | Италија | 245.239.569 | 3% |
| 7 | GR | Грција | 243.236.795 | 3% |
| 8 | GB | Велика Британија | 210.819.784 | 3% |
| 9 | CN | Кина | 183.438.733 | 2% |
| 10 | SK | Словачка | 157.135.761 | 2% |
| 11 | TR | Турција | 151.241.327 | 2% |
| 12 | ES | Шпанија | 136.603.797 | 2% |
| 13 | NL | Холандија | 134.863.951 | 2% |
| 14 | CZ | Чешка Република | 131.612.315 | 2% |
| 15 | RO | Романија | 115.103.807 | 1% |
| 16 | HR | Хрватска | 113.932.175 | 1% |
| 17 | AL | Албанија | 113.308.831 | 1% |
| 18 | BA | Босна и Херцеговина | 112.326.027 | 1% |
| 19 | SI | Словенија | 108.447.414 | 1% |
| 20 | PL | Полска | 89.327.394 | 1% |
| 21 | AT | Австрија | 86.693.931 | 1% |
| 22 | FR | Франција | 83.968.043 | 1% |
| 23 | US | САД | 82.179.188 | 1% |
| 24 | BE | Белгија | 72.389.475 | 1% |
| 25 | FI | Финска | 63.693.517 | 1% |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Од друга страна, **Македонија извезува со вредност поголема од 1 милион долари** во само **59 земји** што е уште еден индикатор дека земјата има ниско ниво на извозна диверзификација од аспект на бројот на извозни пазари.

**Најголем дел од македонскиот извоз** или **77.3%** се пласира во **ЕУ** што е очекувано со оглед на *географската близина, инфраструктурната поврзаност, како и воспоставената економска и трговска соработка*.
Сепак, она што е неповолно е **високата извозна концентрација во рамки на ЕУ**. Имено, **топ 5 најголеми извозни ЕУ пазари** (Германија, Бугарија, Унгарија, Италија и Грција) учествуваат со дури **78.4%** во вкупниот извоз во ЕУ, додека **останатите 22 ЕУ земји** учествуваат со само **21.6%** во вкупниот извоз на Македонија во ЕУ.

Подолу во табелата е дадена листа на ЕУ извозни земји/пазари согласно релативното учество во вкупниот извоз на Република С.Македонија во ЕУ.

**Табела 7.** Листа на ЕУ извозни пазари согласно вредност на извоз во 2021 година

| Р.б | Код | ЕУ земја | Вредност, САД долари | Релативно учество, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | DE | Германија | 3.830.027.155 | 60.5% |
| 2 | BG | Бугарија | 396.324.192 | 6.3% |
| 3 | HU | Унгарија | 251.651.073 | 4.0% |
| 4 | IT | Италија | 245.239.569 | 3.9% |
| 5 | GR | Грција | 243.236.795 | 3.8% |
| 6 | SK | Словачка | 157.135.761 | 2.5% |
| 7 | ES | Шпанија | 136.603.797 | 2.2% |
| 8 | NL | Холандија | 134.863.951 | 2.1% |
| 9 | CZ | Чешка Република | 131.612.315 | 2.1% |
| 10 | RO | Романија | 115.103.807 | 1.8% |
| 11 | HR | Хрватска | 113.932.175 | 1.8% |
| 12 | SI | Словенија | 108.447.414 | 1.7% |
| 13 | PL | Полска | 89.327.394 | 1.4% |
| 14 | AT | Австрија | 86.693.931 | 1.4% |
| 15 | FR | Франција | 83.968.043 | 1.3% |
| 16 | BE | Белгија | 72.389.475 | 1.1% |
| 17 | FI | Финска | 63.693.517 | 1.0% |
| 18 | SE | Шведска | 40.467.677 | 0.6% |
| 19 | DK | Данска | 11.772.513 | 0.2% |
| 20 | PT | Португалија | 7.332.300 | 0.1% |
| 21 | LU | Луксембург | 4.612.872 | 0.1% |
| 22 | LV | Латвија | 4.057.734 | 0.1% |
| 23 | LT | Литванија | 3.844.502 | 0.1% |
| 24 | EE | Естонија | 897.544 | 0.0% |
| 25 | CY | Кипар | 863.144 | 0.0% |

| Р.б | Код | ЕУ земја | Вредност, САД долари | Релативно учество, % |
|---|---|---|---|---|
| 26 | MT | Малта | 787.454 | 0.0% |
| 27 | IE | Ирска | 526.425 | 0.0% |
| # | | **Вкупно извоз во ЕУ** | **6.335.412.529** | **100%** |

Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

За илустрација, **вредноста на извозот** во **скандинавските ЕУ земји** (Данска и Шведска) изнесува скромни **52 милиони долари** или **0.8%** во вкупниот извоз на земјата во ЕУ, додека **вредноста на извозот** во **балтичките ЕУ земји** (Естонија, Литванија, Латвија и Финска) изнесува **72 милиони долари** што е **1.1%** релативно учествуво во вкуниот извоз на земјата во ЕУ.

Дополнително, постои **силна извозна концентрација на сектори и производи** кои се извезуваат во рамки на **одделни извозни пазари/земји**. За илустрација, *македонскиот извоз на земјоделски производи и производи од прехранбен сектор учествува со 1% во вкупниот извоз во Германија, додека истовремено хемиска и сродни производи и машини и транспортни уреди учествуваат со 88% во македонскиот извоз на германскиот пазар.*

На крај, во рамки на анализата на извозните перформанси на македонската економија го анализираме **бројот на извозни компании и структурните карактеристики на извозните компании** како значаен аспект. Согласно официјалните статистички податоци околу **3.500 компании имаат извозни активности**, но помал број се компании кои имаат постојани извозни активности во континуитет, што имајќи во предвид дека има повеќе од 70.000 регистрирани активни деловни субјекти во земјата значи дека извозните компании учествуваат со помалку од **5%** од вкупниот број на компании во земјата.

Ако се погледне структурата на овие околу 3.500 извозни компании може да се заклучи дека најголем дел од нив се **трговски компании** т.е. компании регистртирани во дејноста **трговија на големо и мало (39%)**, компании од дејноста **транспорт и складирање (6%)**, и компании од секторот **градежништво (5%)**.

Од друга страна, **преработувачката индустрија** има околу **37%** од вкупниот број на извозни компании согласно последните официјални статистички податоци и покрај тоа што преработувачката индустрија има доминантно учество во структурата на извозот од аспект на создавање на вредноста. Најголем дел од извозниците од преработувачката индустрија се компании од **прехранбениот сектор, текстил и облека, метална и металопреработувачка индустрија, како и секторот гума и пластика.**

**Слика 10.** Извозна струткруа од аспект на број на извозни компании по сектори




Извор: Државен Завод за статистика на Република Северна Македонија

Анализата на **структурата на извозните компании** од аспект на **големината на компаниите** исто така укажува на **висока извозна концентрација на големите компании** од аспект на создавање на вкупната вредност на извозот и покрај тоа што од аспект на бројот на компании тие имаа многу мало учество.

Имено, *микро претпријатијата имаат најголемо учество во структурата според бројот на претпријатија* (57.5%), додека *големите претпријатија имаат незначително релативно учество* од 2.7%.

Сепак, **во создавањето на вкупната вредност на извозот** на земјата **големите компании** имаат доминантно учество или **74%**, додека **сите други компании** (микро, мали и средни) учествуваат со само **26%** во создавањето на вкупната извозна вредност на земјата.

Истовремено, ако ја анализираме извозната концентрација од аспект на **учеството на најголемите извозници во вкупниот извоз на земјата** и **бројот на извозни партнери со кои соработуваат македонските извозни компании** ќе констатираме дека состојбата е исто така неповолна.

За илустрација, првите **топ 25 најголеми извозници** во 2021 година имале **66% релативно учество во вкупниот извоз на земјата**, додека првите **топ 150 најголеми извозни компании** имаат дури **86%** од вкупниот извоз на земјата.

**Табела 8.** Топ 25 најголеми извозници во 2021 година

| Р.б | Назив на компанија | Износ, евра | Релативно учество, % | Р.б | Назив на компанија | Износ, евра | Релативно учество, % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЏОНСОН МЕТИ | 2.329.437.770 | 33.22% | 14 | КОСТАЛ | 77.023.292 | 1.10% |
| 2 | ЕУРОНИКЕЛ | 242.917.665 | 3.46% | 15 | ТАБ МАК | 69.498.229 | 0.99% |
| 3 | ДРЕКСЛМАЈ ЕР | 179.269.012 | 2.56% | 16 | АДИЕНТ СЕАТИНГ | 68.851.592 | 0.98% |
| 4 | ИГМ-ТРЕЈД | 156.852.830 | 2.24% | 17 | ЏОЈСОН СЕЈФТИ | 68.310.081 | 0.97% |
| 5 | МАКСТИЛ | 142.630.254 | 2.03% | 18 | КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ БТ | 65.380.435 | 0.93% |
| 6 | ЛИБЕРТИ | 135.869.396 | 1.94% | 19 | ОКТА | 63.720.984 | 0.91% |
| 7 | КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ | 135.665.708 | 1.93% | 20 | ДОЈРАН СТИЛ | 59.320.670 | 0.85% |
| 8 | АМФЕНОЛ | 127.440.153 | 1.82% | 21 | ЛЕАР | 54.733.960 | 0.78% |
| 9 | АПТИВ | 110.425.540 | 1.57% | 22 | БОРОВ ДОЛ | 51.511.891 | 0.73% |
| 10 | АЛКАЛОИД | 95.785.032 | 1.37% | 23 | СОКОТАБ | 45.249.020 | 0.65% |
| 11 | МАРКАРТ | 95.214.027 | 1.36% | 24 | АДИЕНТ | 40.569.113 | 0.58% |
| 12 | ГЕНТЕРМ | 88.552.887 | 1.26% | 25 | КОНТИХИДРОПЛ АСТ | 39.685.487 | 0.57% |
| 13 | САСА | 85.505.798 | 1.22% | # | **ВКУПНО** | **4.629.420.826** | **66%** |

Извор: Пресметки на авторите врз база на повеќе извори

Дополнително, од вкупниот број на извозни компании само **450 компании** имаат остварено **извоз со вредност поголема од 1 милион долари**, односно само **1.300 компании** имаат реализирано **извоз со вредност поголема од 100.000 евра**.

Но, она што исто така е вредно за анализа е увозната структура од аспект на број на компании и вредност на увоз. Всушност, **трендот на извозната концентрација се отсликува и во делот на увозната структура**.

Имено, **првите топ 10 најголеми увозници** учествуваат со **35%** од вкупниот увоз на земјата. Ова укажува дека оние компании кои се најголеми извозни во исто време се јавуваат и како најголеми увозници што е потврда на констатацијата дека **домашната додадена вредност на извозот е прилично мала**.

Од аспект на **број на пазари на кои македонските извозни компании ги пласираат своите производи** може да кажеме дека состојбата е слична. Имено, **најголем број од извозните компании имаат извоз на само еден или на неколку пазари**. Имено, *повеќе од 50% од вкупниот број на извозници во земјата реализираат извозни активности на само еден пазар/земја, а околу 90% од вкупниот број на извозни компании во земјата имаа извоз на најмногу 5 извозни пазари*. Сепак, најголем дел од вредноста на извозот (околу 50%) е реализирана од компании кои извезуваат на повеќе од 20 пазари, но процентуално бројот на тие извозни компании е незначителен во однос на вкупниот број на извозни компании.

Дури и од аспект на **регионална дистрибуција на извозот по одделни региони во земјата** има висока концентрација, но оваа констатација се отсликува и согласно регионалната дистрибуција на извозот т.е. учеството на одде.

**Слика 11.** Дистрибуција на извозот по одделни региони




Имено, повеќе од половина или 55% од вкупниот извоз на земјата го креираат компаниите од Скопскиот регион, додека останатите региони како што се Источен, Југоисточен, Вардарски и Пелагонски имаат помало учество со тоа што другите региони како што се Полошкиот, Североисточниот и Југозападниот регион имаат незначително учество во вкупниот извоз на земјата.

Сите погоре елаборирани аспекти и индикатори кои ја отсликуваат извозната структура на земјата и на некој начин го мерат нивото на извозна диверзификација по однос на број на извозни производи, извозни пазари и извозни компании укажуваат дека структурата на македонскиот извоз е неповолна и силно концентрирана, што од друга страна значи дека постои голем неискористен простор и отворени можности за подобрување и надградување на извозната структура, како и можности за зголемување на нивото на извозна диверзификација преку зголемување на бројот на извозни производи, бројот на извозни пазари и бројот на извозни компании, што практично е една од клучните цели на оваа анализа како дел од проект што Стопанската Комора на Северна Македонија го спроведува во соработка со УСАИД.

# 3. АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

Она што е најважно во рамки на оваа анализа за мапирање на извозните потенцијали на македонската економија е прашањето колку се изгледите, односно можностите и потенцијалите за раст на извозот на македонската економија во наредниот период. Ова прашање е исклучително тешко поради неизвесноста која постои во глобалната економија, но сепак во рамки на оваа анализа преку земање во предвид на сите објективни фактори кои влијаат врз меѓународната економија и надворешната трговија и преку примена на јасно дефинирана научно-истражувачка и стручно-апликативна методологија која детално беше елаборирана погоре ќе се обидеме да одговориме на ова прашање.

Имено, преку примена на *методологијата за индетификување на извозни потенцијали развиена од страна на Меѓународниот центар за трговија – Женева, а прилагоден и надграден од страна на авторите на оваа студија*, ќе го пресметаме вкупниот извозен потенцијал на земјата преку идентификување на извозниот потенцијал за секој поединечен производ кој Република Северна Македонија го извезува на сегашните пазари и извозниот потенцијал на секој поединечен производ што македонските извозни компании може да отпочнат да го пласираат на нови извозни пазари[6].

[6] Во анализата се земени повеќе од 150 постоечки и нови потенцијални извозни пазари.

*Податоците кои се користат во анализата за мапирање на извозните потенцијали на македонската економија се базирани на меѓународната релевантна база на Обединетите Нации* (https://comtrade.un.org), при што самата анализа е базирана на **6-цифрена класификација на производите** согласно царински броеви каде се содржани околу 5.300 производи, групирани во повеќе сектори и подсектори:

**1) Примарни земјоделски производи од животинско потекло** (месо; риба; јајца; мед; млеко и млечни производи; кожа; текстилни производи од животинско потекло и други производи од животинско потекло) и примарни земјоделски производи од растително потекло (дрвја, растенија; корења цвеќиња и украсни листови; зеленчук; овошје; кафе, чај и мирудии; жита; мелнички производи; маслодајни семиња и плодови; разни зрна; индустриски или медицински растенија; слама и добиточна храна; шелак, гуми, смоли и други растителни сокови и екстракти) ;

**2) Прехранбена индустрија и пијалоци** (храна – преработки од месо и риба, производи од шеќер и какао, слаткарски производи, производи од зеленчук и овошје, други производи за исхрана, како и храна за животни; пијалоци, алхохоли, оцет и производи од тутун);

**3) Минерали и минерални производи** (сол, сулфур, земја, камен, гипс, вар, цемент; руди, згура и пепел; минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битумен);

**4) Производи на хемиска и сродни индустрии** (неоргански хемиски производи; органски хемиски производи; фармацевски производи; ѓубрива; екстракти за штавење и бојосување; етерички масла – парфимериски, козметички производи; сапун, восок, органски површински активни средства, препарати за перење, препарати за полирање, свеќи, забарски препарати врз база на гипс; различни лепила и ензими; експлозиви, пиротехнички производи и запаливи препарати; други производи на хемиската индустрија);

**5) Производи од пластика, каучук и гума** (производи од пластика и пластична маса; производи од каучук и производи од гума);

**6) Производство на кожа и производи од кожа** (сурова кожа и производи од кожа; природно и вештачко крзно и производи од крзно);

**7) Производство на дрво и производи од дрво освен мебел** (дрвен јаглен; плута и производи од плута; производи од слама; хартија и картон и производи од хартија и картон; печатени книги, весници и слики и други производни на графичка индустрија);

**8) Текстилна индустрија** (свила; волна; предива и ткаенина од различни материјали; памук; други растителни текстилни влакна; вештачки и синтетички филаменти; вештачки и синтетички влакна; предива, канапи, јажиња, ортоми, кабли; теписи и други подни покривки; плетени материјали; );

**9) Производство на облека и обувки** (различна облека и обувки);

**10) Производи од камен, гипс, цемент, бетон, асбест и стакло, керамички производи;**

**11) Метална индустрија** (железо и челик; бакар и производи од бакар; никел и производи од никел; алуминиум и производи од алуминиум; олово и производи од олово; цинк и производи од цинк; калај и производи од калај);

**12) Металопреработувачка индустрија или производи од метали** (производи од железо и челик; алати од базични метали и други производи од метали);

**13) Машинска индустрија** (нуклеарни реактори, котли, машини, механички уреди и нивни делови) и **електро индустрија** (електрични машини и опрема и нивни делови; апарати за снимање и репродукција на слика и звук, прибори и делови за овие производи);

**14) Возила и нивни делови освен железнички и трамвајски шински возила** (трактори, моторни возила за превоз на лица, патнички автомобили, возила за превоз на стоки, приколки и полуприколки, бебешки колички, други возила, и делови за нив) и **производство на опрема за транспорт; воздухоплови, космички летала и нивни делови** (подобрани, едрилици, авиони за пренос на патници и стока, космички и други летала); **Бродови, чамци и пловечка конструкција** (патнички бродови, танкери, рибарски бродови, јахти, моторни чамци, подморници);

**15) Други производни индустрии** (оптички, фотографски, кинематографски, мерни, медицински и хирушки инструменти и апарати и делови за нив; саати и часовници и делови за нив; музички инструменти и делови за нив; оружје и муниција; играчки за деца, игри и различни спортски реквизити; мебел, душеци, перници и други полнети производи; ламби и други светлечки тела; монтажни згради; други производи од преработувачка индустрија).

**Главната цел** на анализата за идентификување на извозните потенцијали на македонската економија е **обезбедување на корисни информации за македонските извозни компании кои ќе им помогнат како да го зголемат извозот на веќе постоечките пазари и како да ги прошират извозните активности на нови пазари**. Предмет на анализа се повеќе од *1.100 постоечки*

*извозни производи* кои македонските компании веќе ги извезуваат на одредени пазари[7].

Целта на студијата е да им помогне на извозно ориентираните компании во нивните напори да го зголемат извозот на тие производи на веќе постоечките пазари и како тие производи да отпочнат да ги извезуваат на нови пазари каде што резултатите од анализата ќе покажат извозен потенцијал земајќи ги во предвид следните фактори:

1) Сегашен и иден производен потенцијал од страна на понудата на македонските извозни компании на ниво на поединечен производ,
2) Сегашна и идна проектирана увозна побарувачката за секој поединечен производ на ниво на поединечна земја,
3) Ниво на царински стапки и нецаринските бариери кои секоја земја ги наметнува при увоз на одделни производи од Република Северна Македонија,
4) Степенот на конкуренција од другите земји на тие пазари (извозни перформанси, царински и нецарински предности, географската оддалеченост) на ниво на поединечен пазар.

## 3.1 Анализа на производните и извозните потенцијали од страна на понудата на ниво на одделни сектори

Од аспект на **производните потенцијали на страна на понудата** како индикатор ја зема **стапката на раст на количината на извозот** на *ниво на поединечен производ во периодот 2017-2021 година* како реална апроксимација која може да ни користи за предвидување на реалните капацитети на македонските компании во иднина за одделни производи.

Резултатите од *анализата на растот на количината на извоз на ниво на поединечен производ по одделни извозни сектори* е презентирана подолу, при што, **дадени е листа на топ 30 производи од секој одделен сектор и индустрија кои во изминатите 5 години (2017-2021) забележале најголема просечна стапка на раст на количината на извоз[8].**

[7] За постоечки извозен производ се смета оној производ кој во изминатите 3 години се извезува со вредност поголема од 10.000 американски долари.

[8] Во рамки на анализата за производните и извозните капацитети на страна на понудата се земени само производите кои во 2017 година имале минимална вредност на извоз од 50.000 американски долари и

**Табела 9.** Производи со најголем раст на количината на извоз од примарно земјоделие

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 71239 | Друг сушен зеленчук | 5.436.612 | 225.7% |
| 2 | 100390 | Друг јачмен | 3.140.296 | 187.4% |
| 3 | 70690 | Цвекло, целер, коренаш, рдокви и сл коренаст зеленчук, свеж или разладен | 1.742.33 | 169.3% |
| 4 | 40310 | Јогурт | 642.404 | 136.7% |
| 5 | 100590 | Пченка, друга | 4.584.926 | 132.3% |
| 6 | 71290 | Друг зеленчук, мешаници на зеленчук, сушен | 110.791 | 127.3% |
| 7 | 110100 | Брашно од пченица или наполица | 1.449.863 | 101.5% |
| 8 | 100119 | Тврда пченица, друга | 2.792.942 | 96.0% |
| 9 | 80921 | Вишни (Prunus cerasus), свежи | 307.255 | 94.1% |
| 10 | 30760 | Полжави, освен морски полжави | 1.059.115 | 81.9% |
| 11 | 151710 | Маргарин, исклучувајќи течен маргарин | 529.557 | 78.1% |
| 12 | 71159 | Друг зеленчук привремено конзервиран | 364.412 | 74.1% |
| 13 | 40610 | Младо (незрело или несолено) сирење, вклучувајќи сирење од сурутка и урда | 151.003 | 65.7% |
| 14 | 100199 | Друга пченица | 2.644.369 | 48.4% |
| 15 | 60110 | Луковици, грутки, грутчести корења, фиданки на корен, резници и ризоми за садење | 942.908 | 45.8% |
| 16 | 121190 | Други растенија и делови на растенија | 2.190.707 | 29.3% |
| 17 | 80810 | Јаболка, свежи | 2.1539.395 | 28.0% |
| 18 | 80410 | Урми, свежи или сушени | 87.381 | 27.8% |
| 19 | 81120 | Малинки, капинки, дудинки, логански бобинки, црни, бели и црвени рибизли и рибеси,неварено или варено во вода или пареа,замрзнато, со додаток или без додаток на шеќер или други засладувачи | 2.528.318 | 25.9% |
| 20 | 80940 | Сливи и трнинки, свежи | 3.420.477 | 24.6% |
| 21 | 81340 | Друго овошје сушено | 174.545 | 24.1% |
| 22 | 71333 | Грав обичен (Phaseolus vulgaris), сушен | 218.328 | 24.0% |
| 23 | 80241 | Костени (Castanea spp.) во лушпа | 570.831 | 23.9% |
| 24 | 100630 | Ориз, полубланширан или бланширан, полиран или неполиран или глазиран | 3.284.561 | 23.9% |
| 25 | 151219 | Друго масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции | 15.288.615 | 22.6% |
| | 60490 | Лисја, гранки и други делови на растенија, без цветови или цветни пупки,треви, мов и лишаи, погодни за букети или за украси | 1.320.855 | 22.2% |

дополнително земени се во предвид само оние производи кои имаат континуиран раст на количината на извоз во целиот анализиран период.

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 26 | | цели,сушени,бојосани, белени, импрегнирани или поинаку приготвени | | |
| 27 | 70410 | Карфиол и бролока, свеж или разладен | 171.694 | 20.6% |
| 28 | 80719 | Дињи | 125.298 | 17.9% |
| 29 | 80929 | Цреши, свежи | 2.349.099 | 17.3% |
| 30 | 81190 | Друго овошје и јатчесто овошје, варено или варено во вода или пареа, замрзнато, со додаток или без додаток на шеќер или други материи за засладување | 5.351.622 | 15.9% |

Извор: Пресметка на авторите врз база на официјални податоци од ComTrade базата на ОН

Како што може да се забележи од самата табела погоре, дел од производите имаат значително зголемување на производните и извозните капацитети во анализираниот период. Имено, првите топ 10 производи имаа просечна годишна стапка на раст на количината на извоз од 80% до 225%, додека топ 30 производите имаат просечна стапка на раст на извозот од најмалку 16% годишно.

**Табела 10.** Производи со најголем раст на количината на извоз од прехранбена индустрија

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 200899 | Друго овошје, јатчесто овошје и др јастиви делови на растенија, поинаку приготвени или конзервирани, со или без додавање на шеќер или др средства за засладување или алкохол | 136.473 | 756.4% |
| 2 | 180631 | Други производи, во табли или прачки, полнети | 2.711.977 | 181.4% |
| 3 | 200971 | Сок од јаболка со Бриџ вредност што не надминува 20 | 142.047 | 86.0% |
| 4 | 200390 | Трифли, приготвени или конзервирани на друг начин освен во оцет или оцетна киселина | 294.333 | 72.6% |
| 5 | 200520 | Компир приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат | 591.332 | 63.9% |
| 6 | 200979 | Сок од јаболка, друго | 436.066 | 62.5% |
| 7 | 160241 | Други приготвени или конзервирани производи од свињи, шунки и отсечоци на шунки | 781.359 | 45.6% |
| 8 | 220210 | Вода, вклучувајќи минерална вода и газирана вода, со додаток на шеќер или други средства за засладување или ароматизација | 11.326.932 | 43.2% |
| 9 | 210610 | Концентрати на белтачини и текстуирани белтачинести материи | 208.083 | 32.3% |
| 10 | 200989 | Сок од друго овошје или зеленчук (не мешан) | 2.982.983 | 29.2% |
| 11 | 200912 | Сок од портокали, не замрзнат, со Бриџ вредност што не надминува 20 | 403.623 | 26.1% |
| 12 | 160232 | Други приготвени или конзервирани производи од домашна живина од видот Gallus domesticus | 1.664.584 | 22.9% |
| 13 | 230230 | Трици и други остатоци добиени со просејување, мелење или друга обработка на жита и мешункасти растенија, непелетизирани или пелетизирани од пченица | 1.555.451 | 22.2% |

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 14 | 210500 | Сладолед и друг јастив мраз, со додаток или без додаток на какао | 15.676.576 | 22.0% |
| 15 | 190410 | Производи за исхрана добиени со бабрење или пржење на жита или производи од жита | 2.877.726 | 21.4% |
| 16 | 170114 | Друг шеќер од шеќерна трска без додатни средства за ароматизација или матери за бојосување | 396.370 | 19.7% |
| 17 | 210320 | “Ketchup' и други сосови од домати | 396.070 | 18.6% |
| 18 | 200870 | Праски, вклучувајќи нектаринки поинаку приготвени или конзервирани, со или без додавање на шеќер или др средства за засладување или алкохол | 67.193 | 17.7% |
| 19 | 200600 | Зеленчук, овошје, јатчесто овошје, кори од овошје и други делови од растенија, конзервирани во шеќер (кандирани, суви или кристализирани) | 93.681 | 17.3% |
| 20 | 210230 | Приготвени прашоци за печива | 166.584 | 17.3% |
| 21 | 220110 | Минерална вода и газирана вода | 887.896 | 15.0% |
| 22 | 190220 | Тестенини полнети, варени или неварени или поинаку приготвени | 76.183 | 14.5% |
| 23 | 220299 | Други безалкохолни пијалаци, освен сокови од овошје или зеленчук што се распоредуваат во тар. број 2009 | 3.490.616 | 13.5% |
| 24 | 200551 | Грав во зрно приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат | 64.850 | 13.1% |
| 25 | 190120 | Мешаници и теста за производство на пекарски производи од тар. број 1905 | 285.990 | 13.1% |
| 26 | 200981 | Сок од бруснинки (Vaccinium macrocarpon, Vaccinium oxycoccos, Vaccinium vitis-idaea) | 49.533 | 12.5% |
| 27 | 160249 | Други приготвени или конзервирани производи, вклучувајќи мешаници | 2.958.426 | 12.0% |
| 28 | 190490 | Други жита (освен пченка) во зрно или во форма на снежинки или др обработени зрна (освен брашно, јарма и гриз), претходно варени, или поинаку приготвени | 54.630 | 10.1% |
| 29 | 200599 | Друг зеленчук и мешаници на зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат | 47.043.087 | 8.7% |
| 30 | 200860 | Цреши и вишни поинаку приготвени или конзервирани, со или без додавање на шеќер или др средства за засладување или алкохол | 2.121.899 | 7.6% |

Извор: Пресметка на авторите врз база на официјални податоци од ComTrade базата на ОН

Како што може да се забележи од самата табела погоре, дел од производите имаат значително зголемување на производните и извозните капацитети во периодот 2017-2021 година. Имено, првите топ 10 производи имаа просечна годишна стапка на раст на количината на извоз од 30% до 750%, додека топ 30 производите имаат просечна стапка на раст на извозот од најмалку 7.5% годишно. Најголем дел од производите со најголеми производни и извозници капацитети на страна на понудата се од конзервна и кондиторска индустрија, како и од секторот за пијалоци, поточно безалкохолни пијалоци.

**Табела 11.** Минерали, производи од минерали и руди со најголем раст на количината на извоз

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 261900 | Згура (освен гранулирана згура), коварина и други отпадоци при производство на железо или челик | 306.411 | 140.6% |
| 2 | 261800 | Гранулирана згура од производство на железо или челик | 1.250.331 | 121.2% |
| 3 | 271012 | Лесни масла и препарати | 8.202.931 | 76.8% |
| 4 | 262019 | Згура, пепел и остатоци што содржат главно цинк, друго | 68.425 | 62.7% |
| 5 | 271099 | Други масла добиени од нафта | 195.902 | 52.0% |
| 6 | 252100 | Варовнички камен кој се употребува како топител; варовнички камен кој се употребува за производство на вар и цемент | 70.907 | 42.3% |
| 7 | 251749 | Гранули, одломки и прав, од камења од тар. број 2515 или 2516, вклучувајќи термички обработени, друго | 1.118.282 | 34.4% |
| 8 | 262099 | Згура, пепел и остатоци што содржат аникел, калај, титан и друго | 47.972.265 | 32.8% |
| 9 | 251511 | Мермер и травертин суров или грубо цепен | 6.827.058 | 25.0% |
| 10 | 251710 | Обли,чакал,кршени или дробени камења,што се употребуваат како агрегати за бетон,за насипување на патишта или на железнички пруги, и задр.насипувања | 562.993 | 22.5% |
| 11 | 271019 | Други масла и препарати (средни, тешки и гасни масла) | 8.280.8035 | 22.5% |
| 12 | 250610 | Кварц | 5.248.053 | 21.2% |
| 13 | 262011 | Талог од галванизација со цинк | 2.192.398 | 19.9% |
| 14 | 250510 | Силикатен и кварцен песок | 116.460 | 19.5% |
| 15 | 252310 | Цемент во форма на клинкери | 3.129.750 | 18.5% |
| 16 | 252020 | Печен гипс | 1.591.334 | 18.4% |
| 17 | 251400 | Шкрилец, вклучувајќи грубо цепен или исечен со пила, или на друг начин во блокови или плочи со правоаголна (вклучувајќи квадратна) форма | 136.135 | 16.6% |
| 18 | 251741 | Гранули, одломки и прав, од камења од тар. број 2515 или 2516, вклучувајќи термички обработени од мермер | 2.674.008 | 16.0% |
| 19 | 271500 | Битуменски мешаници врз база на природен асфалт, природен битумен, битумен од нафта, минерален катран или минерални катрански смоли (на пр, битуменозен кит, цут-бацк) | 1.368.142 | 15.4% |
| 20 | 250620 | Кварцит | 124.396 | 12.0% |
| 21 | 250810 | Бентонит | 139.508 | 11.4% |
| 22 | 252910 | Фелдспат | 1.534.865 | 8.7% |
| 23 | 252620 | Природен стеатит, дробен или мелен | 85.095 | 8.6% |
| 24 | 262040 | Згура, пепел и остатоци што содржат главно алуминиум | 497.434 | 8.0% |
| 25 | 271113 | Бутан | 3.578.451 | 4.7% |
| 26 | 260700 | Руди на олово и концентрати | 85.643.939 | 3.0% |

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 27 | 260800 | Руди на цинк и концентрати | 55.622.729 | 2.9% |
| 28 | 252329 | Портланд цемент, друг | 19.911.353 | 2.5% |
| 29 | 250100 | Сол (вклучувајќи сол за јадење и денатурирана сол) и чист натриумхлорид,вклучувајќи во воден раствор или со додаток на антиагломерациони средства или на средства за подобра флуидност; морска вода | 480778 | 1.4% |
| 30 | 251830 | Доломит мешаница за полнење | 645848 | 1.3% |

Извор: Пресметка на авторите врз база на официјални податоци од ComTrade базата на ОН

Како што може да се забележи од самата табела погоре, дел од производите имаат значително зголемување на производните и извозните капацитети во периодот 2017-2021 година. Имено, првите топ 10 производи имаа просечна годишна стапка на раст на количината на извоз од 22.5% до 140%, додека најниска просечна стапка на раст на извозот во рамки на топ 30 производи изнесува 1.3% годишно.

**Табела 12.** Производи од хемиска и сродни на неа индустрии

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 320810 | Премачкувачки средства (бои и лакови) врз база на полиестер | 599.623 | 224.4% |
| 2 | 320417 | Пигменти и препарати врз база на пигмент | 221.788 | 141.2% |
| 3 | 382499 | Друго, мешавини и препарати кои содржат оксиран (етилен оксид), полибромирани бифенили(PBBs), поли хлорирани бифенили (PCBs), полихлорорани терфенили (PCTs) или  три (2,3-дибромопропил) фосфат | 696.633 | 134.6% |
| 4 | 291090 | Други епоксиди, епоксиалкохоли, епоксифеноли и епоксиетри, со тричлен прстен, и нивни халогени, сулфо, нитро или нитрозо деривати | 1.217.803 | 96.3% |
| 5 | 340111 | Сапун и органски површински активни производи и препарати за тоалетна употреба (вклучувајќи ги производите со лековити материи) | 2.510.903 | 74.9% |
| 6 | 382450 | Неогноотпорни малтери и бетони | 2.307.550 | 69.9% |
| 7 | 321519 | Печатарски бои, други | 225.475 | 62.6% |
| 8 | 382440 | Подготвени адитиви за цементи, малтери или бетони | 2.381.725 | 49.0% |
| 9 | 310230 | Амониум нитрат, вклучувајќи и амониум нитрат во воден раствор | 1.963.695 | 47.5% |
| 10 | 310520 | Минерални или хемиски ѓубрива што содржат три ѓубриви елементи азот, фосфор и калиум | 253.560 | 43.8% |
| 11 | 350699 | Други подготвени лепила и атхезиви, на др место неспомнати или опфатени | 146.707 | 39.0% |
| 12 | 280430 | Азот | 2.191.236 | 36.3% |
| 13 | 382000 | Препарати против замрзнување и приготвени течности за одмрзнување | 83.138 | 30.7% |
| 14 | 320910 | Премачкувачки средства (бои и лакови) врз база на акрилни или винилни полимери | 403.112 | 29.8% |

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 15 | 300390 | Лекови (освен производите од тар.бр. 3002, 3005 и 3006) што се состојат од две или повеќе состојки, друго | 402.809 | 27.4% |
| 16 | 291560 | Бутанонски киселини, пентанонски киселини, нивни соли и естри | 181.751 | 26.5% |
| 17 | 382319 | Друго, индустриски монокарбоксилни масни киселини; киселински масла добиени од рафинирање | 343.446 | 24.3% |
| 18 | 300449 | Лекови што содржат други алкалоиди или нивни деривати | 8.384.950 | 21.6% |
| 19 | 320710 | Приготвени пигменти, приготвени средства за заматување, приготвени бои и слични препарати | 66.956 | 21.6% |
| 20 | 330790 | Други козметички или тоалетни препарати, на др место неспомнати или неопфатени | 1.714.588 | 20.6% |
| 21 | 382200 | Дијагностички или лабораторски реагенси на подлога и приготвени дијагностички или лабар-ски реагенси без огледнатоа дали се/не се наподлога, осв.одтр.б.3002 или3006; сертифицирани референтни материјали | 219.683 | 20.5% |
| 22 | 280610 | Хлороводород (хлороводородна киселина) | 128.011 | 18.0% |
| 23 | 290545 | Глицерин | 90.601 | 17.9% |
| 24 | 300432 | Лекови што се состојат од измешани или неизмешани производи што содржат кортикостероидни хормони, нивни деривати или структурни аналози | 385.090 | 16.9% |
| 25 | 292320 | Лецитини и други фосфоаминолипиди | 89.571 | 16.8% |
| 26 | 330749 | Други препарати за парфимирање или дезодорација на простории, вклучувајќи и миризливи препарати за религиозни обреди | 132.306 | 16.4% |
| 27 | 340220 | Препарати приготвени за продажба на мало | 1.704.014 | 14.7% |
| 28 | 320990 | Други премачкувачки средства (бои и лакови) | 422.224 | 12.7% |
| 29 | 340211 | Анјонски органски површински активни средства, приготвени или неприготвени за продажба на мало | 1.112.441 | 12.4% |
| 30 | 320611 | Пигменти и препарати со содржина од 80% или повеќе по маса на титан диоксид пресметан на сува материја | 488.302 | 12.2% |

Извор: Пресметка на авторите врз база на официјални податоци од ComTrade базата на ОН

Како што може да се забележи од самата табела погоре, дел од производите имаат значително зголемување на производните и извозните капацитети во периодот 2017-2021 година. Имено, првите топ 10 производи имаа просечна годишна стапка на раст на количината на извоз од 44% до 220%, додека најниска просечна стапка на раст на извозот во рамки на топ 30 производи изнесува 12% годишно. Најголем дел од производите се градежни материјали, хемиски препарати и реагенси, и медицински производи (лекови).

**Табела 13.** Производи од пластика и гума со најголем раст на количината на извоз

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 390761 | Поли (етилен терефталат) со вискозитет од 78мл/г или поголем | 842.715 | 194.8% |
| 2 | 390690 | Друго, акрилни полимери во примарни форми | 423.470 | 186.9% |
| 3 | 392062 | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од поли (етилен терефталат) | 48.137 | 123.1% |
| 4 | 391729 | Цевки и црева, крути од други пластични маси | 755.162 | 121.2% |
| 5 | 400599 | Мешаници од каучук, невулканизирани, во примарни форми или во форма на плочи, листови или ленти | 410.648 | 121.2% |
| 6 | 392049 | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, од полимери на винил хлорид | 165.913 | 109.3% |
| 7 | 392640 | Статуети и други украсни предмети | 111.919 | 90.5% |
| 8 | 391239 | Друго, целулозни етери | 408.734 | 63.8% |
| 9 | 390110 | Полиетилен со специфична густина помала од 0,94 | 8.781.147 | 57.6% |
| 10 | 391722 | Цевки и црева, крути од полимери на пропилен | 395.299 | 46.9% |
| 11 | 390120 | Полиетилен со специфична густина од 0,94 или поголема | 3.288.080 | 45.6% |
| 12 | 391710 | Вештачки црева (обвивки за колбасичарски производи) од зацврснати белтачини или целулозни материјали | 121.907 | 42.7% |
| 13 | 390319 | Полистирол, друг | 245.799 | 39.9% |
| 14 | 392113 | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, со клеточна структура од пластични маси од полиуретан | 14.542.117 | 39.2% |
| 15 | 390210 | Полипропилен | 2.216.838 | 34.4% |
| 16 | 392590 | Други градежни производи за вградување од пластични маси | 5.358.105 | 33.0% |
| 17 | 391510 | Отпадоци, струганици и остатоци, од полимери на етилен | 658.814 | 32.1% |
| 18 | 391990 | Друго, самолепливи плочи, листови, филмови, фолии, ленти и други слични форми, од пластични маси | 241.580 | 30.4% |
| 19 | 391723 | Цевки и црева, крути од полимери на винил хлорид | 574.562 | 27.4% |
| 20 | 391721 | Цевки и црева, крути од полимери на етилен | 33.957.715 | 25.6% |
| 21 | 392111 | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, со клеточна структура од пластични маси од полимери на стирол | 14.095.001 | 25.0% |
| 22 | 392350 | Затиначи, поклопки, капаци и други затворачи од пластични маси | 1.589.552 | 24.7% |
| 23 | 392510 | Резервоари, цистерни, каци и слични садови, со зафатнина над 300 л | 185.769 | 24.7% |
| 24 | 401699 | Други производи од гума, освен од тврда гума | 1.369.285 | 22.3% |
| 25 | 392490 | Други производи за домаќинството и хигиенски или тоалетни производи, од пластични маси | 3.832.288 | 19.3% |
| 26 | 392210 | Кади, туш-кади, садопери и лавабоа | 361.115 | 17.9% |
| 27 | 391910 | Самолепливи плочи, листови, филмови, фолии, ленти и други слични форми, од пластични маси, во ролни со ширина што не надминува 20 см | 340.666 | 15.0% |
| 28 | 401693 | Производи за затинање од гума, освен од тврда гума | 149.567 | 14.7% |
| 29 | 392310 | Кутии, сандаци, гајби и слични производи | 2.426.717 | 13.9% |
| 30 | 390390 | Друго, полимери на стирол, во примарни форми | 1.028.766 | 11.5% |

Извор: Пресметка на авторите врз база на официјални податоци од ComTrade базата на ОН

Како што може да се забележи од самата табела погоре, дел од производите имаат значително зголемување на производните и извозните капацитети во периодот 2017-2021 година. Имено, првите топ 10 производи имаа просечна годишна стапка на раст на количината на извоз од 47% до 195%, додека најниска просечна стапка на раст на извозот во рамки на топ 30 производи изнесува 11.5% годишно. Најголем дел од производите се полимери, полиетилени, и различни цевки и црева од пластика и гума.

**Табела 14.** Производи со најголем раст на количината на извоз од кожарска индустрија

| Р.б | ХС-6 код | Опис на производ | Извоз, САД $ 2021 година | Просечна стапка на раст, % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 410120 | Цели крупни и ситни кожи, нецепени, со маса по парче кожа што не надминува 8 кг кога се обично сушени, 10 кг кога се суво-солени, или 16 кг кога се свежи, мокро-солени или поинаку конзервирани | 154.458 | 206.4% |
| 2 | 420329 | Ракавици од кожа или од вештачка (реконституирана) кожа | 74.395 | 175.4% |
| 3 | 420212 | Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали | 281.379 | 44.2% |
| 4 | 410712 | Штавена кожа понатаму обработена, цели крупни и ситни кожи лицеви цепеници | 367.100 | 43.0% |
| 5 | 420229 | Рачни торби, со ремен за раме или без ремен за раме, вклучувајќи ги и оние без рачни дршки со друга надворешна површина | 247.923 | 32.0% |
